СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ОДБРАНИ ДРЖАВИ ОД РЕГИОНОТ И ЕВРОПА

- компаративен преглед-

Александра Стојановска Бизевска
Советник истражувач по владеење на правото и демократија

Февруари, 2024 година

# СОДРЖИНА


РЕЗИМЕ ........................................................................................................ 3
ВОВЕД.......................................................................................................... 4
I. Република Северна Македонија............................................................... 4
II. Република Србија ..................................................................................... 6
III. Република Хрватска ................................................................................ 7
IV. Република Словенија............................................................................... 8
V. Кралство Холандија ................................................................................ 12
VI. Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска ............ 13
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..................................................................................... 16

**РЕЗИМЕ**

Со ова истражување, се врши компаративна анализа на социјалните претпријатија и претприемништво во 6 држави, и тоа во Северна Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Холандија и Велика Британија. Заедничко за сите анализирани држави, е тоа што поимот **социјално претпријатие го поврзуваат со дејности и активности кои вршат позитивно општествено и еколошко влијание и кои се од општ интерес за заедницата**. **Дејност која** наместо да се заснова на крајна цел профит**, се заснова на тоа да остварениот профит, целосно или во голема мера се реинвестира во заедницата и да е во насока на остварување инклузивност и вклученост на што поголем број на луѓе, како и создавање на благосостојба**. Во однос на правната поставеност на оваа форма на воспоставен систем на социјално претприемништво, во две од државите, и тоа во **Србија и Словенија**, постои законска рамка за нивно уредување, каде **социјалните претпријатија се уредени со Закон за социјално претприемништво**. Во Словенија, законот предвидува и надлежно тело за областа социјално претприемништво и тоа е „Советот за социјална економија“, формиран од Владата. Три од државите, Северна **Македонија, Хрватска и Словенија имаат изготвени Стратегии за развој, додека Словенија има и Акциски план за развој на екосистемот и социјалните претпријатија**. Четири од државите, **Србија, Словенија, Холандија и Британија, системот на социјални претпријатија го уредуваат, промовираат и развиваат со помош на воспоставени мрежни платформи за социјалните претпријатија, на државна и меѓународна територија, додека во Северна Македонија функционира Центарот за социјални претпријатија, како и осум регионални центри**, распределени во осумте плански региони во земјата. Центарот е задолжен и за корелација со наведените донатори за социјално претприемништво и социјална економија. **Во Велика Британија, карактеристично е тоа што постои Правилник за социјални услуги и благосостојба, кој се применува исклучиво за територијата на Велс, додека за цела држава во оваа област, функционира интерпартиска група во рамките на Парламентот**, како инструмент на владината поддршка за социјални претпријатија. Сите држави имаат идентичен пристап кон социјалното претприемништво, на начин што го издигнуваат на ниво на национален приоритет, или претприемничка активност како одговор во борбата против сиромаштијата, неискористените човечки афинитети, природни капацитети, општествено одговорно влијание и секако, намалување на невработеноста преку самостојна одржливост, особено за најранливите групи на луѓе на пазарот на труд. Своевиден доказ за тоа се и самите процеси на унапредување на сите достапни елементи за функционирање на претпријатијата, како и зголемениот број на новоформирани претпријатија, во сé повеќе различни области. Така на пример, **Euclid network, мрежа која врши поврзување, подобрување и промоција на социјалните претприемачи, социјалните иноватори и нивните организации за поддршка, брои близу 100.000 организации, со присуство во 29 земји и активности во 62 земји.**

## ВОВЕД

Социјалните претпријатија припаѓаат на „хибридни“ бизнис-модели, а нивниот приход е комбинација од бизнис, приходи од пазарот од продажба на стоки и услуги на приватниот или јавниот сектор и непазарните приходи кои доаѓаат од државните субвенции и донации, приватни донации, и придонеси по различни основи. Социјалните претпријатија претставуваат важен дел од светската и европската економија, бидејќи тие вработуваат 11.000.000 луѓе во Европа, што е околу 6,7 % од вработените во ЕУ. Само задругите како форма на општествено здружување, од кои 240.000 се регистрирани во ЕУ, директно вработуваат 4,7 милиони луѓе и имаат 143.000.000 членови. Истовремено, здравствените услуги и услугите за социјална заштита што ги обезбедува социјалната економија опфаќаат 120.000.000 корисници. Овие компании добија приоритет во регионалната политика на Европската унија, па така за периодот од 2014 до 2020 година се издвоени околу 90.000.000 евра за нов социјален финансиски инструмент, со кој ЕУ ќе помогне да се исплати долгот и нови инвестиции на социјални компании. На 9 декември 2021 година, Европската комисија усвои нов акционен план за социјалната економија. Со акцискиот план, Комисијата предложи конкретни мерки за да помогне во мобилизирање на целосниот потенцијал на социјалната економија, надоградувајќи се на резултатите од Иницијативата за социјален бизнис од 2011 година и Иницијативата за стартување и зголемување од 2016 година. Целта на акцискиот план е да ги зајакне социјалните инвестиции, да ги поддржи учесниците во социјалната економија да започнат, да се зголемуваат, да иновираат и да отворат работни места. Тоа ќе го направи преку серија иницијативи во следните три области:

- создавање на соодветни рамковни услови за развој на социјалната економија;
- отворање можности (вклучувајќи пристап до финансии) и поддршка за градење капацитети;
- подобрување на препознавањето на социјалната економија и нејзиниот потенцијал.

Временската рамка на акцискиот план е до 2030 година. Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива** на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I. Република Северна Македонија

Владата на Република Северна Македонија во 2021 година, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 година, ја донесе првата **Националната стратегија за развој на социјални претпријатија**, со кој документ се дефинираат основните цели и клучните активности за периодот 2021-2027 година. Главната цел на Стратегијата е да обезбеди насоки засновани на докази и стратешки политики за поттикнување на социјалното претприемништво и развојот на социјалните претпријатија со цел

да учествуваат во плуралистичката социјална пазарна економија. [1] Од таа причина, во процес е донесување на **Предлог на Законот за социјалните претпријатија** кој ги пропишува следните негови цели:

- развој на социјалното претприемништво преку функционирање на социјални претпријатија,
- создавање поволна деловна средина за развој на социјалните претпријатија,
- обезбедување правно признавање на социјалните претпријатија, видливост и препознавање на потребата за нивниот развој од страна на институциите, фондовите и останатите општествени чинители, како иновативен модел за вработување, социјална интеграција на лицата од социјално ранливи групи, обезбедување на производи и/или услуги,
- можност за инвестирање, еднаков пристап на социјалните претпријатија до фондовите за развој, програмите за поддршка за вработување и за унапредување на работењето и вклучување во социјални иновации,
- разбирање на концептот на социјално претприемништво и на различните форми и модалитети на работа на социјалните претпријатија.

Предлог-законот го дефинира поимот „Социјално претпријатие“ како правно лице, чија цел е преку претприемачка активност да оствари позитивно општествено и/или еколошко влијание наместо максимизирање на профитот за неговите сопственици или засегнати страни, преку својата работа да обезбедува производи и услуги на пазарот на претприемачки или иновативен начин и да го користи својот профит и средства првенствено за постигнување на општествените и/или еколошките цели и истото е управувано на транспарентен и одговорен начин што ги вклучува вработените, потрошувачите и засегнатите страни.[2] Во публикацијата „Од подобра правна рамка кон растечка класа на социјални претприемачи во Македонија“, изготвена во рамки на Проектот „Смарт Старт“ - „Одржливо влијание на граѓанските организации од Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Турција преку социјално претприемништво и социјални иновации”, проект финансиран од Европската Унија, наведено е дека Македонија се соочува со висока стапка на невработеност од 22,9 % во првиот квартал од 2017 година, како и стапка на сиромаштија од 21,5 % на крајот од 2015 год. Како одговор на овие услови, **социјалното претприемништво може да одигра важна улога за да се избегне распад на системот за социјална заштита, интеграција на социјално исклучените и ранливи групи и намалување на невработеноста**.[3]

---

[1] Министерство за труд и социјална политика - страница 1, параграф 3 од Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027) https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/Strategija_socijalni_pretprijatija_2021_2027.pdf

[2] Член 3 од Предлог-законот за социјални претпријатија на РСМ https://www.mtsp.gov.mk/predlog-zakoni1.nspx пристапено на 23.1.2024 г.

[3] Страница 4 од Публикацијата „ОД ПОДОБРА ПРАВНА РАМКА КОН РАСТЕЧКА КЛАСА НА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ ВО МАКЕДОНИЈА“, изготвена во рамки на Проектот „Смарт Старт: Оддржливо влијание на граѓанските организации од Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Турција преку социјално претприемништво и социјални иновации”

Во Северна Македонија воспоставен е **Центарот за социјални претпријатија**, кој е дизајниран да функционира како инкубатор за поддршка на постојните и на новите социјални претпријатија, како и на граѓанските организации кои имаат економска дејност. Моментално, користењето на просториите во Центарот е **бесплатно за социјалните претпријатија и за граѓанските организации**. Исто така, покрај Националниот, функционираат и **регионалните центри за социјални претпријатија**, во **осумте плански региони** низ земјата. Центрите функционираат како клучни точки за поддршка, развој и унапредување на капацитетите на социјалните претприемачи и претпријатија. Регионалните центри овозможуваат комуникација и соработка со локалните власти, граѓанските организации, социјалните претпријатија, приватни компании, индивидуални експерти, академски кругови и сите субјекти кои можат да ја понудат својата експертиза во поддршка на понатамошниот развој на социјалните претпријатија. Заедно со **Националниот центар за социјални претпријатија**, регионалните центри се посветени на социјална и професионална реинтеграција на обесправените групи како и за одржлив развој на локалните заедници. Донатори за развојот на социјалното претприемништво во Северна Македонија, се грантови од ЕУ во програмата ИПА, грантови од ЕУ во други програми (Ерасмус+, COSME, EaSI, Horizon2020, и др.), ИПАРД - Финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој, УНДП - Поддршка на социјална економија, Амбасада на Полска - грантови за проекти со социјална компонента и Амбасада на Швајцарија - грантови за проекти со социјална компонента.[4]

## II. Република Србија

Во Република Србија, функционирањето на социјалните претпријатија е регулирано со **Законот за социјално претприемништво**.[5] Целта на овој закон е да се создаде поволна деловна средина за развој на социјалното претприемништво, да се развие свеста за важноста на социјалната економија и социјалното претприемништво и да се реализираат идентификуваните општествени потреби.[6] Законот, **социјалното претприемништво го дефинира како вршење на активности од општ интерес**, со цел создавање нови и иновативни можности за решавање на социјални проблеми, проблеми на поединци или социјално чувствителни групи и спречување на појава и отстранување на последиците од социјалната исклученост, зајакнување на

https://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2018/09/Socijalni-pretprijatija-MK4-2.pdf

[4] Интернетска страница на Центарот за социјални претпријатија на Македонија https://centarsp.mk/donatori/ пристапено на 26.1.2024

[5] Интернетска страница на Правно- информативен систем на Србија https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/
Закон за социјално претприемништво на Србија https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/2022/14/7/reg пристапено на 26.1.2024

[6] Член 2 од Законот за социјално претприемништво на Србија https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/2022/14/7/reg пристапено на 26.1.2024

социјалната кохезија и решавање други проблеми во локалните заедници и општеството во целина.[7]

Центарот за програми за поддршка на економијата и микро, мали и средни деловни фирми во Србија, а во соработка со Стопанската комора на Србија, изготви каталог на производи од социјални претпријатија.[8] **Организацијата „Смарт колектив“** како пионер во промовирањето на социјалното претприемништво, поаѓајќи од идејата за поврзување на бизнисот и општеството, наоѓа начини да се применат искуствата и логиката на бизнисот за решавање на социјалните проблеми, им помага на компаниите да соработуваат со заедницата, а на различните општествени групи да го заинтересираат бизнис-секторот за своите потреби и иницијативи и да станат поиновативни, ефикасни и одржливи. Директните корисници се граѓанските организации на кои им се помага во пронаоѓање партнери во бизнис секторот и развивање на одржливи извори на финансирање, социјалните претпријатија и претприемачи на кои им се помага да станат одржливи и конкурентни, компаниите на кои им се помага да развијат програми за корпоративна општествена одговорност и младите на кои им се помага да започнат и успешно да водат сопствен бизнис.[9] За таа цел, „Смарт колектив“ во 2019 годна има формирано и **Фонд за развој на одржлива економија, заради поттикнување на развојот на социјалната економија во Србија**. Во наредните пет години, Фондот ќе инвестира околу половина милион евра во иницијативи и претпријатија кои придонесуваат за одржливи и позитивни промени во нивните заедници. Програмите се дизајнирани да обезбедат долгорочна менторска поддршка на иницијативи во различни фази на развој, поврзување со пазарот и пристап до соодветни финансиски инструменти кои го стимулираат растот на општественото влијание на компанијата.[10]

## III. Република Хрватска

Владата на Република Хрватска ја има усвоено **„Стратегијата за развој на социјалното претприемништво во Република Хрватска за периодот од 2015 до 2020 година“**. Стратегијата била по иницијатива на Министерството за труд и пензискиот систем, со што го стимулираат социјалното претприемништво, вработувањето, обезбедувањето социјални услуги и придонесот за социо-економскиот развој на Република Хрватска. Социјалното претприемништво е бизнис кој ги поврзува претприемничката практика на деловниот свет и вредностите на општествената одговорност, заштитата на животната средина и мерењето на социоекономското влијание. Стратегијата за развој на социјалното претприемништво го дефинира поимот социјално претприемништво и развива

[7] Член 3 од Законот за социјално претприемништво на Србија https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/2022/14/7/reg пристапено на 26.1.2024

[8] Каталог на производи на социјални претпријатија во Србија https://api.pks.rs/storage/assets/Katalog%20proizvoda%20socijalnih%20preduze%C4%87a.pdf пристапено на 26.1.2024

[9] Интернетска страница на организацијата за развој и поддршка на социјалните претпријатија во Србија „Смарт колектив“ https://smartkolektiv.org/o-nama/ пристапено на 26.1.2024

[10] Интернетска страница на организацијата за развој и поддршка на социјалните претпријатија во Србија „Смарт колектив“ https://smartkolektiv.org/category/razvoj-socijalnih-inovacija/smart-impakt-fond/ пристапено на 26.1.2024

критериуми за препознавање на социјалните претприемачи и елаборира мерки и активности за нивниот иден бизнис. **Социјалното претприемништво е дефинирано како бизнис заснован на принципите на социјална, еколошка и економска одржливост, каде остварениот профит/вишок приход целосно или во голема мера се инвестира во корист на заедницата**.[11] Во реализацијата, покрај Министерството за труд и пензиски систем, кое е надлежно за најголем број активности, предвидени се органи на државната управа и граѓански организации. Со стратегијата биле обезбедени 270.650.000,00 куни (приближно 35.911.500,00 евра) за развој на социјалното претприемништво, од кои најголемиот дел е од Европскиот социјален фонд.[12]

Што се однесува до законска регулатива во однос на социјалните претпријатија и **социјалното претприемништво, процесите за социјални претпријатија се пропишуваат со повеќе закони**. Еден од нив е и Законот за задруги. Па така, социјалните претпријатија предвидени со споменатиот закон се основаат поради извршување на дејност со која се помага на социјално загрозените категории. [13] Во Законот за фондации, исто така, се споменува социјалната и општествена дејност, во насока на унапредување на граѓанските и човечките права и слободи, со што се остварува општествена корист и делување со цел за општо добро.[14] Со Законот за професионална рехабилитација и вработување на лица со попреченост, се предвидуваат индивидуални и колективни програми за работни и социјални вештини и способности, како и работно-социјална вклученост во заедницата. [15]

## IV. Република Словенија

Во Словенија социјалните претпријатија се уредени **со Законот за социјално претприемништво**.[16] Со овој Закон се утврдуваат целите и принципите на социјалното претприемништво, и тоа се:[17]

[11] Страница 7, параграф 9 од „Стратегијата за развој на социјалното претприемништво во Република Хрватска за периодот од 2015 до 2020 година“ https://www.esf.hr/wordpress/wp-content/uploads/2015/02/Strategija-razvoja-dru%C5%A1tvenog-poduzetni%C5%A1tva-u-RH-za-razdoblje-2015-2020.pdf пристапено на 26.1.2024

[12] Интернетска страница на Министерството за труд, пензиски систем, семејство и социјална политика на Хрватска https://mrosp.gov.hr/arhiva-3104-10582/usvojena-strategija-razvoja-drustvenog-poduzetnistva-u-hrvatskoj-11570/11570 (http://www.esf.hr/wordpress/wp-content/uploads/2015/02/Strategija-razvoja-dru%C5%A1tvenog-poduzetni%C5%A1tva-u-RH-za-razdoblje-2015-2020.pdf)
пристапено на 26.1.2024

[13] Интернетска страница на Закон. ХР
Член 66 од Законот за задруги на Хрватска https://www.zakon.hr/z/458/Zakon-o-zadrugama
пристапено на 26.1.2024

[14] Интернетска страница на Закон.ХР
Член 3, став 1 од Законот за фондации https://www.zakon.hr/z/1435/Zakon-o-zakladama
пристапено на 26.1.2024

[15] Интернетска страница на Закон.ХР
Член 4, став 4, алинеја 5 и 7 и член 14 од Законот за професионална рехабилитација и вработување на лица со попреченост https://www.zakon.hr/z/493/Zakon-o-profesionalnoj-rehabilitaciji-i-zapo%C5%A1ljavanju-osoba-s-invaliditetom пристапено на 26.1.2024

[16] Закон за социјално претприемништво на Република Словенија
http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO6175 пристапено на 26.1.2024

[17] Член 3, став 2 од Законот за социјално претприемништво на Република Словенија
http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO6175 пристапено на 26.1.2024

- се основаат врз основа на доброволна одлука на основачите;
- целта на основањето не е исклучиво остварување добивка, средствата и вишокот на приходи над расходите се инвестираат во дејноста на социјалното претпријатие, а не е дозволено нивно распределување во смисла на профит (начело на непрофитабилност);
- се основаат заради постојано вршење на работи и можат да се основаат заради вработување на најранливите групи на луѓе на пазарот на труд, што е и од јавен интерес (вршење работи од јавен интерес);
- членовите работат во нив доброволно (доброволна дејност);
- се самостојни во управувањето (независност);
- со производство и продажба на производи или давање услуги на пазарот работат во согласност со пазарните закони (пазарна ориентација);
- може да вклучува волонтерска работа (вклучување на волонтерска работа);
- поединечни основачи или сопственици немаат доминантно влијание во одлучувањето, одлуките ги носат сите членови по принципот еден член - еден глас, без разлика на учеството на вложениот капитал (еднаквост на членството);
- вклучување на засегнатите страни во одлучувањето (учество на засегнатите страни во управувањето);
- обезбедува транспарентно финансиско работење и внатрешна контрола врз материјалното и финансиското работење (транспарентно работење);
- трајно да работат во корист на нивните членови, корисници и пошироката заедница (социјално корисно работење).

Законот предвидува и **Совет за социјална економија кој го формира Владата**, на предлог на ресорните министерства, надлежните стручни институции од областа на социјалната економија и репрезентативните здруженија.[18] Планираниот развој на социјалното претприемништво во Република Словенија е обезбеден со оваа стратегија. Стратегијата ја донесува Владата за период од десет години на предлог на советот и по консултација со социјалните партнери, социјалните претпријатија и другите граѓански организации. Стратегијата опфаќа анализа на потребите и насоките на можниот развој на социјалната економија, основите на развојната политика, стратешките развојни цели и главните области на развој на социјалната економија, улогата на државата и нејзините институции и општините во спроведувањето на одредени политики и остварувањето на развојните цели.[19]

**Социјалното претприемништво е форма на претприемништво што одговара на проблемите во општеството и обезбедува социјална корист преку своите производи и услуги**. Социјалните претпријатија на тој начин придонесуваат за иновативни решенија за социјалните, економските, еколошките и другите општествени проблеми, обезбедувајќи работни места и социјална вклученост за ранливите групи. Главната разлика помеѓу

[18] Член 7, став 1 од Законот за социјално претприемништво на Република Словенија http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO6175 пристапено на 26.1.2024
[19] Член 29, став 1 и 2 од Законот за социјално претприемништво на Република Словенија http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO6175 пристапено на 26.1.2024

традиционалните и социјалните претпријатија лежи во целта за основање социјално претпријатие. **Социјалното претпријатие не е основано за да остварува профит, туку да врши одржлива активност која има позитивно општествено влијание**, во согласност со принципите на социјалното претприемништво. Овие принципи се непрофитабилност, еднаквост на членството и волонтирање. Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), во соработка со Министерството за економија, туризам и спорт и голем број релевантни чинители од социјалната економија, спроведе длабински преглед на политиките за промовирање на социјалното претприемништво и Развој на социјални претпријатија во Словенија. Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), во соработка со Министерството за економија, туризам и спорт и голем број релевантни чинители од социјалната економија, извршила преглед на политиките за промовирање на социјалното претприемништво и Развој на социјални претпријатија во Словенија, врз основа на кои се донел **Акцискиот план за развој на екосистемот на социјални претпријатија** во Словенија. Социјалната економија е составена од социјални претпријатија, задруги, претпријатија за лица со попреченост, центри за вработување и невладини организации (здруженија, институции, фондации). Тие работат во корист на нивните членови, корисници или на пошироката заедница и произведуваат пазарни или непазарни производи и услуги кои се справуваат со различни општествени предизвици. Социјално претпријатие или непрофитно правно лице кое има намера да работи како социјално претпријатие има можност, според Законот за физички средства на државата и локалната самоуправа, да изнајмува или стекнува недвижен имот на користење бесплатно на одредено време заради вршење на дејноста за која е основан. Договор за бесплатно користење може да се склучи со непрофитно правно лице за времетраење на регистрацијата на социјалното претпријатие, најмногу до шест месеци, а со социјално претпријатие за период од најмногу три години. На интернетската страница на Владата на Република Словенија споделена е објава за покана за сите социјални претпријатија да го користат моделот и да достават извештаи, реакции, предлози и кориснички искуства. Доставените извештаи и предлози ќе послужат како основа за анализа и подготовка на конечниот модел и регулативата за мерење на социјалното влијание предвидени со Законот за социјално претприемништво. Социјалното претпријатие за отпочнување на својата дејност го известува Министерството за економија, туризам и спорт во рок од една година од стекнувањето на статусот.[20]

Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) има изготвено публикација „Зајакнување на социјалното претприемништво и социјално Развој на претпријатија во Словенија“.[21] Во истата се наведува дека Словенија има корист од правната рамка која содржи широк спектар на правни облици и статуси

---

[20] Интернетска страница на Владата на Република Словенија - Министерство за економија, туризам и спорт https://www.gov.si/en/topics/social-entrepreneurship/ пристапено на 26.1.2024

[21] Публикација „Зајакнување на социјалното претприемништво и развој на социјалните претпријатија во Словенија“
https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/8ea2b761-en.pdf?expires=1706518076&id=id&accname=guest&checksum=9A672D981E346C6E80C10CF8DB94462D пристапено на 26.1.2024

за субјекти кои сакаат да работат како социјални претпријатија. Воведувањето на статусот на социјалното претпријатие во Законот за социјално претприемништво од 2011 година и неговата ревизија во 2018 година го зголеми политичко внимание на социјалните претпријатија.[22] Во публикацијата, исто така, се нотира и дека и покрај јавните иницијативи за обезбедување финансирање на социјалните претпријатија, таквите напори резултирале со слаба достапност до изворите на финансирање.[23] По пристапувањето на Словенија во ЕУ во 2004 година и промоцијата на социјалните претпријатија на ЕУ во последните години (2011 – наваму), социјалните претпријатија добија импулс и политичка поддршка во Словенија. Концептот за прв пат беше презентиран во 2009 година, кога како пилот концепција почна финансирање од Европскиот социјален фонд (ЕСФ) за поддршка на развојот на социјални претпријатија.[24]

Во 2017 година, ex lege, во Словенија имало 254 социјални претпријатија, но де факто се проценува дека тие се околу 934, вклучувајќи:

- 424 здруженија:
- 455 Приватни институти (организации кои вршат дејност од областа на образованието, науката, културата, здравството со непрофитни цели);
- 4 задруги;
- 51 фондации;
- 24 друштва со ограничена одговорност.

На 31 мај 2023 година потврдени се 262 организации со статус на социјално претпријатие.[25] Министерството за економија, туризам и спорт, има објавено Регистер на социјални претпријатија. [26]

[22]Страница 8, параграф 3, ред 1 од Публикацијата „Зајакнување на социјалното претприемништво и социјално Развој на претпријатија во Словенија“ https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/8ea2b761-en.pdf?expires=1706518076&id=id&accname=guest&checksum=9A672D981E346C6E80C10CF8DB94462D пристапено на 26.1.2024

[23] Страница 8, параграф 5 од Публикацијата „Зајакнување на социјалното претприемништво и социјално Развој на претпријатија во Словенија“ https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/8ea2b761-en.pdf?expires=1706518076&id=id&accname=guest&checksum=9A672D981E346C6E80C10CF8DB94462D пристапено на 26.1.2024

[24] Страница 19, параграф 5 и стр. 20 , параграф 1 од Публикацијата „Зајакнување на социјалното претприемништво и социјално Развој на претпријатија во Словенија“ https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/8ea2b761-en.pdf?expires=1706518076&id=id&accname=guest&checksum=9A672D981E346C6E80C10CF8DB94462D пристапено на 26.1.2024

[25]Интернетска страница на one-stop—shop на Европската комисија во областа на социјалната економија - информации за финансирање од ЕУ, можности за обука, настани, информации специфични за земјата и каде да се обратат за дополнителни ресурси, како алатка за градење капацитети https://social-economy-gateway.ec.europa.eu/my-country/slovenia_en пристапено на 26.1.2024

[26] Национален портал за отворени податоци на Словенија, формирано од Министерството за јавна администрација - DATA GOV UK https://podatki.gov.si/dataset/evidenca-socialnih-podjetij пристапено на 26.1.2024

## V. Кралство Холандија

**Social Enterprise NL** е платформа која работи врз основа на дефиницијата на Европската комисија за социјални претпријатија. Бидејќи **во Холандија социјалните претпријатија немаат своја правна форма,** оваа платформа се залага за нејзино воспоставување. Поголемиот дел форми на социјални претпријатија се во вид на фондации, општи партнерства или задруги.[27] Како национално тело за членство, Social Enterprise NL ја претставува, поврзува и поддржува растечката заедница на социјални претпријатија во Холандија. **Социјалното претпријатие е оператор во социјалната економија чија главна цел е да има социјално влијание наместо да остварува профит за нивните сопственици или акционери**.[28]

Холандија е дел и од платформата **Euclid Network**. Таа врши поврзување, подобрување и промоција на социјалните претприемачи, социјалните иноватори и нивните организации за поддршка кои им помагаат да го отворат патот за социјално инклузивна и зелена економија и општество. Членовите и партнерите на мрежата влијаат на формирањето на европскиот екосистем за социјално претпријатие. Тие го поддржуваат и претставуваат секторот за социјални претпријатија и социјални иновации во Европа и соседните земји, колективно претставувајќи близу 100.000 организации, со присуство во 29 земји и активности во 62 земји.[29] Во публикацијата на проектот  монитор на социјални претпријатија на европско ниво, „Европски монитор на социјално претпријатие“, а која е поддржана од Европската комисија, за периодот 2020-2021 година, се нотира дека, социјалните претпријатија во Холандија, се темелат на следниве принципи:[30]

- да влијаат на обезбедување на услуги и/или стоки како независна компанија;
- да имаат рамка на приходи;
- да го користат профитот како средство, а не како цел;
- да воспостават транспарентен и праведен систем;
- да се воспостави критериум  на социјален начин на водење и структуираност на компанијата;
- да дејствува подеднакво на засегнатите страни.

Исто така, наведено е конкретно во кои области во Холандија се најзастапени социјалните претпријатија, и тоа се: здравјето на луѓето и социјална работа (22,7%); производство (13,6%); трговија на големо и мало; и поправка на моторни

[27]Интернетска страница на платформата Social Enterprise NL на Холандија https://www.social-enterprise.nl/over-sociaal-ondernemen/wat-zijn-het  пристапено на 2.2.2024

[28]Интернетска страница на платформата Social Enterprise NL на Холандија https://www.social-enterprise.nl/english пристапено на 2.2.2024

[29]Центар за знаење - проект финансирање од ЕУ преку рамковен договор за партнерство 2022-2026 во рамките на програмата ESF+
https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/  (https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/ecosystems-mapping/ )
Центарот за знаење на мрежата Euclid е онлајн платформа за социјални претприемачи, лидери водени од влијание, креатори на политики, истражувачи, инвеститори и граѓани https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/about/ пристапено на 2.2.2024

[30]Страница 25 од Публикацијата „Монитор на Европско социјално претпријатие“ https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/european-social-enterprise-monitor-2021-2022/ пристапено на 2.2.2024

возила и мотоцикли (11,7 %).[31] Во однос на правната рамка и статус, за анализираниот период, се наведува дека Холандија е една од државите кои применува хибриден систем на работа на социјалните претпријатија. Националното претставничко тело на социјални претприемачи, ги советува социјалните претпријатија да не се регистрираат како фирма и фондација поради дополнителните административни процедури.[32] Се наведува и дека Холандија е една од четирите земји, во кои најголем процент на социјални претпријатија учествуваат во истражувањата со кои се врши мерење на нивното социјално влијание.[33] Во Холандија, Амстердам од 11-12 октомври, 2023 година се одржа **Светскиот форум на социјални претпријатија (SEWF)**. Кодомаќини на форумот биле Amsterdam Impact (Холандија) и Social Enterprise NL (Холандија), а темите од 2023 година вклучувале: екосистеми, правичност, миграција, нова економија и планета.[34] Одржан виртуелно, настанот се реализирал во различни временски зони, така што без разлика на локацијата на учесниците во светот, тие ја имале можноста да пристапат до сесиите во живо во секое време од денот.[35] Целта на форумот била да се подигне свеста за **социјалното претпријатие како глобален механизам за општествени промени што се шири**.[36] За подобро презентирање на социјалните претпријатија за време на одржувањето на форумот, изготвена е анимирана мапа на Амстердам, на која на сликовит начин се исцртани рутите кои водат до социјалните претпријатија во градот. На секое место каде работат, преку слика е прикажана дејноста која ја практикуваат и за која се регистрирани. Преку осумте прикажани рути, се подигнува популарноста на претпријатијата, како и запознавање на пошироката јавност за нивно постоење и успешно работење.[37]

## VI. Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

**Правилникот за социјални услуги и благосостојба** (Велс) од 2014 година (социјални претпријатија, задруги и трет сектор) е правилник кој се однесува **само на територијата на Велс**. Во насока на дефинирање на поимот и дејноста на социјалните претпријатија, Правилникот предвидува дека: **„Активноста треба да се третира како активност која се спроведува во корист на општеството, единствено доколку: има инклузивност; вклучува луѓе и промовира благосостојба**.[38] Правилникот исто така пропишува кои

[31] Страница 36 од Публикацијата „Монитор на Европско социјално претпријатие“ https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/european-social-enterprise-monitor-2021-2022/ пристапено на 2.2.2024

[32] Страница 37 од Публикацијата „Монитор на Европско социјално претпријатие“ https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/european-social-enterprise-monitor-2021-2022/ пристапено на 2.2.2024

[33] Страница 50, параграф 4 од Публикацијата „Монитор на Европско социјално претпријатие“ https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/european-social-enterprise-monitor-2021-2022/ пристапено на 2.2.2024

[34] Интернетска страница на Светскиот форум на социјални претпријатија https://sewfonline.com/events/sewf-2023/ пристапено на 2.2.2024

[35] Интернетска страница на Светскиот форум на социјални претпријатија https://sewfonline.com/events/sewf23/policy-forum/ пристапено на 2.2.2024

[36] Интернетска страница на Светскиот форум на социјални претпријатија https://sewfonline.com/events/sewf23/ пристапено на 2.2.2024

[37] Интернетска страница на Светскиот форум на социјални претпријатија https://sewfonline.com/explore-amsterdams-social-enterprise-scene-with-these-eight-routes/ пристапено на 5.2.2024

[38] Интернетска страница на Британското законодавство legislation.gov.uk https://www.legislation.gov.uk/wsi/2015/1500/regulation/3/made

организации треба да се третираат како Социјални претпријатија, и ги објаснува на следниот начин:

- компанија која е од интерес на заедницата;
- здружение од корист на заедницата кое ги исполнува условите за регистрација;
- задруги;
- кредитна задруга која е регистрирана и регулирана според Законот за кредитни унии;
- здружение за домување.[39]

Во 2021/22 **Интерпартиската група за социјални претпријатија во рамките на Британскиот парламент**, ја спроведе својата прва надзорна расправа посветена на владината поддршка за социјални претпријатија за време на пандемија. Извештајот од истата е објавен во февруари 2022 година. Во публикацијата „Извештај на влијанието“ за работата во 2020-2021 и 2021-2022 на Мрежата на Обединетото Кралство за социјалните претпријатија Social Enterprise UK, е наведено дека преку нивната политика на работење, истражување и општествените дејности, придонела да се обезбедат од страна на Владата 750 милиони фунти во итни грантови и заеми, со што се создала функционална подобност на социјалните претпријатија. Во публикацијата се наведува дека во соработка со Секторот за култура, медиуми и спорт (DCMS), како и со Министерството за домување, заедници и локална самоуправа на Владата на Британија, се обезбедиле повеќе од 1 милијарда фунти во грантови кои се однесуваат на локалните бизниси, вклучувајќи и многу социјални претпријатија. Во 2020 година, еден од 25 највлијателни луѓе во политиката за домување, Лордот Виктор Адебовал, ја формираше независната Комисија за социјални инвестиции, која прерасна во рамка за меѓусекторски план за раст на претпријатијата во заедницата, за да се канализираат стотици милиони фунти неактивни средства во секторот на социјални претпријатија, со цел да се зголеми пристапот до финансии.[40]

Во 2023 година, од спроведеното истражување на Social Enterprise UK, произлезе публикацијата „Истражување за состојбата на социјалните претпријатија 2023 година“. Клучните наоди од двегодишното истражување на состојбата на социјалните претпријатија, ја дадоа во целост националната слика за секторот во 2023 година.[41] Меѓу останатото, од истражувањето е произлезено дека во Британија има 131.000 социјални претпријатија и дека еден од 42 бизниси, е социјално претпријатие. **Минатата финансиска година, социјалните претпријатија генерираа повеќе од 1,2 милијарди фунти**

Член 3 од Правилникот за социјални услуги и благосостојба (Велс) од 2014 година (социјални претпријатија, задруги и трет сектор) пристапено на 6.2.2024

[39] Интернетска страница на Британското законодавство legislation.gov.uk https://www.legislation.gov.uk/wsi/2015/1500/regulation/7/made пристапено на 6.2.2024

[40] Страница 11, параграф 3, 4 и 9 од Публикацијата „Извештај за влијанието 2020-2021/ 20021-2022 “- В. Британија https://www.socialenterprise.org.uk/app/uploads/2023/04/SEUK-Impact-Report-2020-2022.pdf пристапено на 7.2.2024

[41] Интернетска страница на мрежата на Обединетото Кралство за социјални претпријатија https://www.socialenterprise.org.uk/social-enterprise-knowledge-centre/the-state-of-social-enterprise/ (https://www.socialenterprise.org.uk/app/uploads/2023/12/Mission-Critical-State-of-Social-Enterprise-2023.pdf) пристапено на 6.2.2024

**профит, од кои 1 милијарда фунти беше реинвестирана во нивните социјални и еколошки мисии**.[42] Истражувањето го детектира и податокот на локациска распределеност на социјалните претпријатија. Па така, 22 % од испитаниците биле со седиште во најсиромашната петина од регионите, сооднос како во 2021 и 2019 година. Додека во 2013 година, 38 % од овие претпријатија функционирале во сиромашните делови.[43] Во истражувањето наведени се и областите во кои социјалните претпријатија во Британија се најактивни, и тоа се: 37 % поддршка на конкретна заедница, 35 % во областа на менталното здравје и 31 % поддршка на ранлива категорија на луѓе.[44] Во делот на Социјални перформанси од истражувањето, спроведената анализа за структурната поставеност во социјалните претпријатија, покажала дека оние кои раководат со истите, се најчесто профили на луѓе кои имаат доживеано лично животно искуство од областа која ја развиваат со претпријатието. Половина од нив се жени, како и припадници на етнички заедници. Добиен резултат во овој дел од истражувањето е и дека Социјалните претпријатија создаваат повеќе работни места во сиромашните области: 80 % од оние во најсиромашните области пријавуваат дека платиле вработени, во споредба со само 56 % во најмалку сиромашните области.[45] Од основани 131.000 социјални претпријатија, преку нив, Велика Британија има обезбедено 2.3 милиони работни места.[46]

Изработила: Александра Стојановска-Бизевска
Одобрил: Илија Милчевски
Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарен институт

-------------------------------------

Златко Атанасов

[42] Страница 4 од Публикацијата „Истражување за состојбата на социјалните претпријатија 2023 година“- В. Британија https://www.socialenterprise.org.uk/app/uploads/2023/12/Mission-Critical-State-of-Social-Enterprise-2023.pdf пристапено на 6.2.2024

[43] Страница 11 од Публикацијата „Истражување за состојбата на социјалните претпријатија 2023 година“- В. Британија https://www.socialenterprise.org.uk/app/uploads/2023/12/Mission-Critical-State-of-Social-Enterprise-2023.pdf пристапено на 6.2.2024

[44] Страница 12 од Публикацијата „Истражување за состојбата на социјалните претпријатија 2023 година“- В. Британија https://www.socialenterprise.org.uk/app/uploads/2023/12/Mission-Critical-State-of-Social-Enterprise-2023.pdf пристапено на 7.2.2024

[45] Страница 23 од Публикацијата „Истражување за состојбата на социјалните претпријатија 2023 година“- В. Британија https://www.socialenterprise.org.uk/app/uploads/2023/12/Mission-Critical-State-of-Social-Enterprise-2023.pdf пристапено на 7.2.2024

[46]Интернетска страна на Social Enterprise UK - тело на Обединетото Кралство за социјалните претпријатија https://www.socialenterprise.org.uk/ 9.2.2024 година

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Министерство за труд и социјална политика на Македонија- Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027) https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/Strategija_socijalni_pretprijatija_2021_2027.pdf
2. Интернетска страница на Министерството за труд и социјална политика - Македонија - Предлог-закон за социјални претпријатија на РСМ https://www.mtsp.gov.mk/predlog-zakoni1.nspx
3. Публикацијата „Од подобра правна рамка кон растечка класа на социјални претприемачи во Македонија", изготвена во рамки на Проектот „Смарт Старт: Оддржливо влијание на граѓанските организации од Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Турција преку социјално претприемништво и социјални иновации" https://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2018/09/Socijalni-pretprijatija-MK4-2.pdf
4. Интернетска страница на Центарот за социјални претпријатија на Македонија https://centarsp.mk/za-centarot-za-socijalni-pretprijatija/
5. Закон за социјално претприемништво на Србија https://www.pravno-informacionisistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/2022/14/7/reg
6. Каталог на производи на социјални претпријатија во Србија https://api.pks.rs/storage/assets/Katalog%20proizvoda%20socijalnih%20preduze%C4%87a.pdf
7. Интернетска страница на организацијата за развој и поддршка на социјалните претпријатија во Србија „Смарт колектив" https://smartkolektiv.org/o-nama/
8. „Стратегија за развој на социјалното претприемништво во Република Хрватска за периодот од 2015 до 2020 година" https://www.esf.hr/wordpress/wp-content/uploads/2015/02/Strategija-razvoja-dru%C5%A1tvenog-poduzetni%C5%A1tva-u-RH-za-razdoblje-2015-2020.pdf
9. Интернетска страница на Министерството за труд, пензиски систем, семејство и социјална политика на Хрватска https://mrosp.gov.hr/arhiva-3104-10582/usvojena-strategija-razvoja-drustvenog-poduzetnistva-u-hrvatskoj-11570/11570
10. Закон за задруги на Хрватска https://www.zakon.hr/z/458/Zakon-o-zadrugama
11. Закон за фондации https://www.zakon.hr/z/1435/Zakon-o-zakladama
12. Законот за професионална рехабилитација и вработување на лица со попреченост https://www.zakon.hr/z/493/Zakon-o-profesionalnoj-rehabilitaciji-i-zapo%C5%A1ljavanju-osoba-s-invaliditetom
13. Закон за социјално претприемништво на Република Словенија http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO6175
14. Интернетска страница на Владата на Република Словенија https://www.gov.si/en/topics/social-entrepreneurship/

15. Публикација „Зајакнување на социјалното претприемништво и развој на социјалните претпријатија во Словенија“ https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/8ea2b761-en.pdf?expires=1706518076&id=id&accname=guest&checksum=9A672D981E346C6E80C10CF8DB94462D
16. Интернетска страница на one-stop—shop на Европската комисија во областа на социјалната економија https://social-economy-gateway.ec.europa.eu/my-country/slovenia_en
17. Национален портал за отворени податоци на Словенија, формирано од Министерството за јавна администрација - DATA GOV UK https://podatki.gov.si/dataset/evidenca-socialnih-podjetij
18. Интернетска страница на платформата Social Enterprise NL на Холандија https://www.social-enterprise.nl/over-sociaal-ondernemen/wat-zijn-het
19. Центар за знаење - проект финансирање од ЕУ преку рамковен договор за партнерство 2022-2026 во рамките на програмата ESF+ https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/
20. Публикацијата „Монитор на Европско социјално претпријатие“ https://knowledgecentre.euclidnetwork.eu/european-social-enterprise-monitor-2021-2022/
21. Интернетска страница на Светскиот форум на социјални претпријатија https://sewfonline.com/events/sewf-2023/
22. Интернетска страница на Британското законодавство legislation.gov.uk https://www.legislation.gov.uk/wsi/2015/1500/regulation/3/made
23. Интернетска страница на Британското законодавство legislation.gov.uk https://www.legislation.gov.uk/wsi/2015/1500/regulation/7/made
24. Публикацијата „Извештај за влијанието 2020-2021 / 20021-2022 “- В. Британија https://www.socialenterprise.org.uk/app/uploads/2023/04/SEUK-Impact-Report-2020-2022.pdf
25. Интернетска страница на мрежата на Обединетото Кралство за социјални претпријатија https://www.socialenterprise.org.uk/social-enterprise-knowledge-centre/the-state-of-social-enterprise/
26. Публикацијата „Истражување за состојбата на социјалните претпријатија 2023 година“- В. Британија
27. https://www.socialenterprise.org.uk/app/uploads/2023/12/Mission-Critical-State-of-Social-Enterprise-2023.pdf
28. Интернетска страница на Social Enterprise UK- тело на Обединетото Кралство за социјалните претпријатија https://www.socialenterprise.org.uk/


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384